11 i 11
saat

# Упатство за употреба и гарантен лист за часовниците 11и11 саат

Овој документ ги опфаќа упатството за употреба и гаранцијата која ја нуди ДЕКОНУС ДООЕЛ Скопје, ул. „Банско“ бр. 23а, 1000 Скопје, како овластен дистрибутер на часовниците од марката 11и11 саат од Виена, Австрија.
Верзија од јуни 2025.

## Упатство за употреба

Ви благодариме што го избравте нашиот часовник. Ве молиме внимателно да го прочитате упатството пред користење на часовникот.

## Механички модели (KoC/VCD-M1, KoC/VCD-M2, KoC/VCD-MW)

### Технички карактеристики

- Функции – часови, минути и секунди; датум со сопствен дизајн на бројките; механички потсетник преку позицијата на круната
- Механизам – Sellita SW400-1 (зголемена верзија на SW200-1), Swiss-made автоматски механизам, special grade, 38 часови резерва
- Димензии – 41,4 мм дијаметар, 48,2 мм lug-to-lug, ширина на ремче 20 мм, дебелина 10,0 мм, куќиште од 316L не'рѓосувачки челик. Водоотпорност 5 атмосфери.
- Сафирно стакло со троен антирефлективен премаз под стаклото

**Позиции на круната и работа**

Со круната не треба да работите додека го носите часовникот. Работа со круната додека часовникот е на раката носи ризик да се искриви оската на круната.

- Позиција 0 - Затворена - рачно навивање (доколку часовникот е застанат, препорачуваме рачно навивање со барем 20-30 вртења.)
- Позиција 1 - 1 клик - брзо поставување на датумот – НЕ го користите помеѓу 20:00 и 03:00.
- Позиција 2 - 2 клика – поставување на времето. Часовникот престанува со работа при поставување на времето, вратете ја круната во позиција 0 за часовникот да продолжи со работа.

**Безбедно поставување на датум**

Прозорецот со датум се наоѓа внатре во индексот за 5 часот. Датумот ја прикажува само бројката на единици – на пример, за 4., 14. и 24. ден во месецот се покажува само бројката 4. Датумите за 10, 20 и 30 се прикажани со нула со една до три точки внатре во нулата. Датумот за 31 е прикажан со 31.

1. Навијте го часовникот со 20~30 вртења во позиција 0 ако часовникот е застанат.
2. Извлечете ја круната во позиција 2 и вртете ги стрелките напред додека датумот не се смени, со што сте стигнале до полноќна позиција. Продолжете до околу 06:00.
3. Вратете ја круната во позиција 1 и поставете го датумот на претходниот ден. (На пример, доколку е 15. во месецот, поставете го датумот на 14).
4. Повторно повлечете ја круната на позиција 2 и вртете напред до полноќ, по што датумот ќе го покажува денешниот ден. Наместете го точното време земајќи ги предвид претпладневните и попладневните часови.
5. Вратете ја круната до позиција 0. Часовникот ќе продолжи со работа.

**Функција потсетник (индикатор на круната)**

Додека круната е во позиција 0 можете да ја вртите во обратна насока од навивањето, со што би го менувале горниот симбол на круната, што може да ви послужи како механички потсетник:
• Црвен прстен – редовна позиција
• Извичник – активен стандарден потсетник
• Сребрен прстен – Резервна позиција 1
• Три точки – Резервна позиција 2, односно втор потсетник
Како и кај другите операции со круната, користете ја само на суво.

**Водоотпорност**

Пет (5) атмосфери – соодветно за  пливање на површина

- Не користете ја круната под вода, круната мора да биде во нулта позиција при секој контакт со вода.
- Исплакнете го часовникот со свежа вода по контакт со сол.
- Проверете ги заптивките на 24 месеци или по отворање на куќиштето.

Важно: Долготраен контакт со сапун, шампон, детергенти или други хемикалии може да предизвика распаѓање на заптивките, што ќе ја намали водоотпорноста. Избегнувајте носење на часовникот во топли тушеви, сапунести бањи или базени со средства за чистење.

**Одржување**

- Избегнувајте силни удари, магнетни полиња, екстремни температури.
- Чистете го часовникот со мека, сува крпа; избегнувај растворувачи, сапуни, детергенти – хемикалии ги оштетуваат заптивките и финишот.
- Проверете ги заптивките на 24 месеци или по отворање на куќиштето.
- Препорачано целосно сервисирање секои 5–7 години (подмачкување, заптивки).

**Решавање проблеми**

- Часовникот добива/губи > 20 сек/ден: потребна е регулација - Однесете го часовникот кај часовникар
- Застанува преку ноќ: ниска енергија - Навијте го часовникот со барем 40 вртења или носете го повеќе од 8 ч/ден
- Датумот се менува напладне: погрешен 12-часовен циклус - Поместете ги стрелките 12 ч напред
- Влага во куќиштето:  оштетена заптивка - Итно сервисирање

# Кварцни модели (KoC/VCD-Q1, KoC/VCD-Q2)

## Технички карактеристики

- Функции – часови, минути и секунди
- Механизам – Ronda 7015 Li кварцен, без функција датум, 10 години траење на батеријата
- Димензии – 41,4 мм дијаметар, 48,2 мм lug-to-lug, ширина на ремче 20 мм, дебелина 9,9 мм, куќиште од 316L не'рѓосувачки челик. Водоотпорност 5 атмосфери.
- Сафирно стакло со антирефлективен премаз под стаклото

## Позиции на круната и работа

Со круната не треба да работите додека го носите часовникот. Работа со круната додека часовникот е на раката носи ризик да се искриви оската на круната.

Наместување на време

1. Извлечете ја круната нежно до првата (и единствена) позиција.
2. Завртете ја круната во насока на стрелките или спротивно за да го наместите времето.
3. Вратете ја круната назад до крај кога ќе го наместите точното време.

Часовникот нема датум, така што може слободно да го наместите времето во кое било време од денот.

## Батерија и EOL-индикатор (крај на животен век)

Часовникот има EOL (End of Life) индикатор.

- Кога батеријата е при крај, стрелката за секунди ќе почне да скокнува во интервали од 4 секунди наместо секунда по секунда.
- Овој сигнал обично се појавува 2–3 месеци пред батеријата целосно да се испразни.

Препорачуваме замената на батеријата да ја изврши овластен сервисер, за да се зачува водоотпорноста и да не дојде до оштетување.

**Водоотпорност**

Пет (5) атмосфери – соодветно за  пливање на површина

- Не користете ја круната под вода, круната мора да биде во нулта позиција при секој контакт со вода.
- Исплакнете го часовникот со свежа вода по контакт со сол.
- Проверете ги заптивките на 24 месеци или по отворање на куќиштето.

Важно: Долготраен контакт со сапун, шампон, детергенти или други хемикалии може да предизвика распаѓање на заптивките, што ќе ја намали водоотпорноста. Избегнувајте носење на часовникот во топли тушеви, сапунести бањи или базени со средства за чистење.

**Одржување**

- Избегнувајте силни удари, магнетни полиња, екстремни температури.
- Чистете го часовникот со мека, сува крпа; избегнувај растворувачи, сапуни, детергенти – хемикалии ги оштетуваат заптивките и финишот.
- Проверете ги заптивките на 24 месеци или по отворање на куќиштето.
- Препорачано целосно сервисирање секои 5–7 години (подмачкување, заптивки).

**Решавање проблеми**

- Часовникот застанал - Заменете ја батеријата (модел CR2016)
- Секундарникот скока по 4 секунди: батеријата е при крај – Заменете ја
- Влага во куќиштето:  оштетена заптивка - Итно сервисирање

# Гаранција – за сите модели

За кварцните часовници на 11и11 постои гаранција од 2 години, за механичките од 3 години.

Гаранцијата се однесува исклучиво за дефекти во производот кога е доставен, и за недостатоците и проблемите во работата на механизмот при користење во нормални услови.

Гаранцијата не ги покрива оштетувањата на куќиштето, кристалот (стаклото), ремчето, батеријата и други додатоци.

Гаранцијата покрива само проблеми настанати при редовно користење, и исклучува штети настанати од удари и други механички шокови, оштетувања од вода, електромагнетни полиња, неправилно користење и одржување. Гаранцијата исто не покрива губење, кражба, штети од злоупотреба на часовникот.

Гаранцијата не важи во случаи на неовластен сервис или отворање на часовникот. За упатување на барање за извршување поправка во рамки на гарантниот рок, купувачот може да се обрати на емаил адресата contact@dekonus.com или да го искористи контакт формуларот на веб-страницата на Деконус. Во зависност од кварот, од купувачот може да биде побарано да испрати фотографии или видео-снимки од производите пред начелното одобрување на гарантната постапка.

По начелното прифаќање на барањето за гарантна поправка, купувачот е должен на свој трошок да ги испрати производите на адреса наведена од Деконус Во случај на оправданост на барањето за поправка, по поправката производот ќе му биде на вратен на купувачот на трошок на Деконус, со користење на стандардни методи за испорака.

Во случај на неодобрување за гарантна поправка (на пример бидејќи при отварањето се утврдило дека кварот е настанат поради несоодветна поправка од неовластени лица), купувачот ќе има можност да плати за поправката, доколку е можна или да побара враќање на производите. Во обата случаи, трошоците за испорака ќе бидат на трошок на купувачот.

Очекуваното време на поправка ќе му биде соопштен на купувачот по прегледот на часовникот. Во случај на невозможност за поправка во законски определените рокови, потрошувачот ќе му биде понудена замена со ист или еквивалентен производ.

**Одговорност**

Деконус не презема одговорност за директните и индиректните штети настанати каки последица од нефункционирање и погрешно функционирање на часовникот, како активностите на Деконус и други лица кои работат за сметка на Деконус. Деконус не сноси одговорност во случај на спреченост да ги изврши своите договорни обврски во случаи на виша сила како што се природни катастрофи, воени конфликти, проблеми со техничката инфраструктура и слично.

Во секој случај максималната финансиска одговорност што Деконус ја има во однос на купувачот е во висина на платената сума од страна на купувачот.
Овој документ е предмет на промени и корекции – купувачите ќе бидат известени за значителни промени на условите преку емаил или при следната посета на веб-страницата.